СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

НА

ОПШТИНА

МАКЕДОНСКА

КАМЕНИЦА

БРОЈ 48

Македонска Каменица | *Година XXI* *17.03.2025* | *Излегува по потреба* *гласникот е бесплатен*

Март 2025

МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“бр. 20/2019, 38/20 и 33/24), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлука

1. Се прогласува Одлуката за одобрување на финансиски средства на Нада Милковска од Македонска Каменица.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр.09-819/1 **Градоначалник**
17.03.2025 г. **Димчо Атанасовски с.р**
М.Каменица

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) и член 20 од Статутот на општина М.Каменица („Службен гласник на општина М.Каменица“ бр.20/2019, 38/20 и 33/24), Советот на општина Македонска Каменица на 51та (вонредна) седница одржана на ден 17.03.2025 година донесе:

О Д Л У К А

За одобрување на финансиски средства

Член 1

Советот на општина Македонска Каменица одобрува финансиски средства на Нада Милковска од Македонска Каменица мајка на починатата Кети Милковска која трагично го загуби животот во пожарот што се случи во дискотеката „Пулс“ во Кочани на ден 16.03..2025 година.

Член 2

Од Буџетот на општина Македонска Каменица од Програма А0, ставка 413, потставка 413110 – тековни резерви, ќе се исплатат парични средства во износ од 100.000,00 денари на сметката на Нада Милковска Македонска Каменица.

Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр. 08-820/1 **Совет на општина М.Каменица**
17.03.2025 г. **Претседател**
М.Каменица **Анета Стојчевска с.р**

С О Д Р Ж И Н А

1. Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување на финансиски средства на Нада Милковска од Македонска Каменица стр.1

2. Одлука за одобрување на финансиски средства на Нада Милковска од Македонска Каменица стр.1

3. Содржина.....стр.2